РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Број 01 – 1210/1**
**.17. 04.2026 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20 и 208/24) и член 16 став (2) алинеја 6 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), директорот на Агенцијата за администрација, донесе

# Правилник
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за администрација

### Член 1

Со овој правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за администрација, број 01-1731/2 од 15.06.2015 година, број 01-1731/6 од 21.08.2015 година, број 01-137/1 од 27.01.2016 година, број 01-184/1 од 31.01.2017 година, број 01-1087/1 од 17.07.2017 година, број 01-1087/4 од 21.11.2017 година, број 01-267/1 од 09.02.2018 година, број 01-267/4 од 14.06.2018 година, број 01-267/7 од 21.08.2018 година, број 1243/3 од 06.08.2019 година, број 01-1243/13 од 15.11.2019 година, број 01-1494/1 од 25.09.2020 година, број 01-709/1 од 23.03.2021 година, број 01-2456/1 од 09.12.2022 година, број 01-609/1 од 22.02.2023 година, број 01-609/4 од 17.05.2023 година, број 01-1167/3 од 26.05.2025 година, број 01-1167/5 од 19.06.2025 година, број 01-1167/8 од 07.07.2025 година и број 01-1167/9 од 06.11.2025 година.

### Член 2

Во глава IV. **Опис на работните места во Агенцијата**, точка 2. Сектор за селекција на кандидати за вработување 2.1. Одделение за јавен оглас и административна селекција, работно место со **Реден број 29, Шифра-** УПР0101В04000, **Ниво** - В4, **Звање** - Помлад соработник, **Назив на работното место** - превод на јавен оглас од македонски на албански јазик и обратно, во насловот **„Број на извршители"**, бројот „2" се заменуваат со бројот „1 ".

### Член 3

Во глава IV. **Опис на работните места во Агенцијата**, точка 2. Сектор за селекција на кандидати за вработување 2.1. Одделение за јавен оглас и административна селекција, работно место со **Реден број 30, Шифра-** УПР0101В04000, **Ниво** - В4, **Звање** - Помлад соработник, **Назив на работното место** - административна селекција, во насловот **„Број на извршители"**, бројот „2" се заменуваат со бројот „3".

## О б р а з л о ж е н и е

Заради поефикасно извршување на надлежностите на Агенцијата за администрација утврдени во член 14 од Законот за административни службеници, како и поефикасно извршување на надлежностите на Сектор за селекција на кандидати за вработување, се врши измена како што е наведена во овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за администрација.

Со членот 2 и 3 се вршат измени во бројот на извршители во Секторот за селекција на кандидати за вработување. Членот 4 ја регулира измената на табеларниот преглед, како составен дел на Правилникот, а членот 5 го регулира прашањето на стапување во сила на Правилникот.